Република Северна Македонија

Општина Боговиње

Арх. Бр. 08-2351/1

Дата: 24.08.2023

**Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Европската Унија и Република Албанија - Република Северна Македонија,и врз основа на планираните активности во рамките на проектот за прекугранична заштита од пожари –Cross Border “FIRESHIELD”, градоначалникот на општина Боговиње објавува:**

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За избор на кандидати за обука за пожарникари

Се објавува Јавен оглас за избор на кандидати за обука за пожарникари за потребите на проектот Cross Border-“FIRESHIELD”, и тоа:

1. Пожарникар - ( 5 извршители).

Кандидатите за избор за обука за пожарникари се пријавуваат на Јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите на огласот.

Градоначалникот со Решение формира Комисија за селекција, која во рок од 8 (осум) дена од истекот на рокот за пријавување на огласот врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот.

По комплетирањето на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.

Доколку при проверката се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата.

Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми, пропишани од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Комисијата за селекција на ранг листата на кандидати му ја доставува на градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

После првичното селектирање од страна на Комисијата , следи и интервју со кандидатите со што се врши финална селекција на кандидатите.

Заинтересираните кандидати е потребно да ги исполнуваат следните услови:

**Критериуми:**

1. Кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија,

2. Навршени 18 години (полнолетство),

3. Завршена најмалку ССС,

4. Кандидатите за обука треба да бидат здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон,

5. Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност,

6. Положен возачки испит од Ц категорија ќе се смета за предност.

**Општи компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

**Потребни документи:**

- CV (биографија)
- Мотивационо писмо
- Пријава
- Диплома за завршено соодветно образование
- Документи со кои се докажува дека кандидатот ги исполнува погоренаведените критериуми (1-6).

**Напомена: Заинтересираните кандидати задолжителните докази ги доставуваат во оригинал или заверен препис.**

Пријавата за Јавниот оглас може да се превземе од веб страната на општина Боговиње, https://komunabogovine.gov.mk/или во архивата на општина Боговиње.

**Опис на процесот на обука и обврски на селектираните кандидати**

Времетраење на обуката (наставни часови): 720 часа од кои 620 часа се однесуваат на теоретски дел и 100 часа на практичен дел.

Кандидатите при следење на теоретскиот дел ќе имаат можност да слушаат предмети од општо образовно, стручно теоретско, посебно стручно подрачје и специјалистичка практика односно вкупно 19 наставни предмети/модули.

Вреднувањето и постигнувањата на кандидатите во образовниот профил Професионален пожарникар се врши континуирано во текот на учењето. По завршување на слушање на секој модул преку следење усно, и писмено проверување на знаењата како и вештините, умеењата и способности за секој модул.

Секоја наставна програма/модул се вреднува со оценка од 1до5.

По успешната реализација кандидатите полагаат специјалистистички испит според испитни програми кои ги изработува ЦСОО а ги донесува Министерство за Образование и Наука.

Завршниот испит опфаќа:

-теоретски дел со тест –писмена проверка на знаења

-практичен дел преку решавање на случај, проверка на стекнати вештини од практичните вежби.

Испитот се изведува според испитна комсија во согласност со испитна програма.

По успешно положен завршен испит кандидатите се стекнуваат со **ДИПЛОМА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ - Професионален пожарникар**

Рокот за пријавување на огласот изнесува **10 ( десет**) работни дена од денот на неговото објавување. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесување на пријава.

Пријавата со потребните докази се доставува во затворен плик на адреса: Општина Боговиње ул. „101“ бб. со назнака “Обука за пожарникари“.

Лице за контакт: Назмије Алији

**Некомплетните и ненавремено поднесени пријави нема да бидат разгледувани.**

Градоначалник

Бесник Емши

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA
Општина Боговиње - Komuna e Bogovinës
Боговиње
Bogovinë